Проектот е финансиран од Европската Унија

Проект: Вработување на лица со попреченост - одржлив модел
Operational Programme ‘Human Resources Development 2007-2013’



# РАБОТОДАВАЧ БЕЗ БАРИЕРИ

**СЕРВИС ЗА ПОДДРШКА ЗА РАБОТНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Проектот е имплементиран од КОНЕКТ

Отворете ги прозорците





# КОРИСТА ЗА БИЗНИСОТ

## Зошто да вработите лица со попреченост?

### ПОШИРОК ИЗБОР ЗА РЕГРУТИРАЊЕ КАДРИ

15% од светското население има попреченост. Тие можат да бидат ваши продуктивни вработени и/или лојални клиент(к)и.

### ПРИСТАП ДО БЕНЕФИЦИИ

За вработување на лица со попреченост следува финансиска поддршка од страна на државата.

### ВРЕДНИ ВРАБОТЕНИ

Работодавачите што вработиле лица со попреченост истакнуваат дека се лојални вработени, добро си ја вршат работата и имаат ниска стапка на отсуство. Разноликата работна сила и еднаквите можности за сите добро влијае на продуктивноста и градењето на тим што ги прифаќа различностите. Бидете пример за добар работодавач.



## ДОБРИ ПРОМЕНИ И РАСТ НА БИЗНИСОТ

Прилагодувањата направени за вработените со попреченост се полезни и за другите вработени и клиенти. Креирајте нови или адаптирајте ги постојните производи и услуги за потрошувачи со попреченост. Вработените со попреченост може да се вклучат во процесот.

## ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Разноликоста на кадарот е моќна предност на одговорните бизниси. Кај нас вработувањето на лица со попреченост во класичните бизниси е реткост. Бидете добар пример и поттикнете ја промената.







# ШТО НУДИ СЕРВИСОТ?

## УСЛУГИ СКРОЕНИ ПО ВАША МЕРКА

Погледнете го нашиот избор на услуги и означете што е полезно за вашиот бизнис да вработи лица со попреченост. Идентификувајте и дополнителни потреби. Услугите функционираат одделно и во пакети. Побарајте нè за состанок и ќе дефинираме понуда за вас.

## НИЕ СМЕ ВАШИТЕ СТРУЧНИ ПАРТНЕРИ

Нашиот тим е флексибилен и со специфична експертиза.

КОНЕКТ е експертска организација за примена на општествената одговорност како дел од бизнис развојот.

ОТВОРЕТЕ ГИ ПРОЗОРЦИТЕ се единствени кај нас целосно посветени на промовирање и примена на асистивната технологија што обезбедува работна инклузија на лицата со попреченост.





# ПРОВЕРКА

## БАРИЕРИТЕ НА ТЕСТ

- Проверка на пристапноста на компанијата
- Земајќи предвид различни попречености ќе се идентификуваат физички, комуникациски и социјални бариери. Можеме ја провериме пристапноста од аспект на: 1) работодавач 2) услугите и производите што ги нудите.
- Проверка на политиките и практиките во областа на регрутација и управување со човечките ресурси од аспект на обезбедување заштита од дискриминација, еднакви можности и инклузија на попреченоста. Се проценува усогласеноста со меѓународни и домашни прописи, добри практики и препораки во доменот на општествена одговорност, бизнисот и човековите (работничките) права и сл.
- По проверките се дефинираат: препораки, планови и мерки за надминување на идентификуваните бариери. Сервисот нуди услуги и поддршка на нивната имплементација.





# ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕДУРИ

## СТРУЧНА ПОДДРШКА ВО АДАПТАЦИЈА ИЛИ КРЕИРАЊЕ НА:

- Политики за еднакви можности за вработување и заштита од дискриминација;
- Политики и процедури во областа на човековите ресурси од аспект на инклузија на попреченоста;
- Протоколи и правилници за комуникација со лица со различни типови на попречености;
- Правила за здравје и безбедност на работа од аспект на попреченост.


1
End
0
Ins
Del



# ОБУКИ

Креираме и спроведуваме обуки за раководството и вашиот персонал за:

- Бизнисот и човековите права / Општествена одговорност и разноли-ка работна сила; /Статус на работодавач без бариери;
- Комуникација со раз-лични попречености/ надминување на барие-рите;
- Вработување на лица со попреченост/ разум-ни прилагодувања и употреба на асистивна технологија;
- Пристапност на произ-води и услуги за лица со попреченост;
- други теми скроени по потребите.

Обуките ќе помогнат во креирањето на инклузивна работна средина и отстранување на социјалните бариери





# РЕГРУТАЦИЈА И ПОВРЗУВАЊЕ

- Анализа на работни позиции и идентификување работни места соодветни за вработување на лица со попреченост;
- Поддршка во дефинирање на огласи и нивна дистрибуција со цел да допрат до потенцијални кандидат(к)и со попреченост;
- Обезбедување еднакви можности при тестирање и интервјуа на кандидат(к)и со попреченост (проверка на прашања и индикатори, совети и/ли спроведување на тест и интервју);
- Поврзување со кандидат(к)а со попреченост врз основа на потребите на работодавачот и можностите и квалификациите на лицето. Располагаме со база на податоци со над 100 невработени лица со попреченост.






# РАЗУМНИ ПРИЛАГОДУВАЊА

- Дефинирање и имплементација на план за разумни прилагодувања за вработените со попреченост (планирање физички и технолошки адаптации, дефинирање на флексибилно работно време итн.);
- Процена на потребите од асистивна технологија* и нејзина набавка;
- Тестирање на направените прилагодувања преку симулација на работа и во консултации со лицето со попреченост;
- Советување за различни прашања поврзани со попреченоста.

* Асистивна технологија им озозможува на лицата со попреченост да вршат работни задачи со еднаква брзина и еднаков квалитет како и луѓето кои немаат попреченост. На пример лице со оштетување на видот може да користи тастатура со големи копчиња, читач на екран и сл.


A
B
C
D
E



# НА РАБОТНО МЕСТО

- Поддршка во имплементација на пробна работа за лица со попреченост;
- Поддршка за адаптација и инклузија на работно место на лица со попреченост (менторска поддршка, подготовка на работната средина, мерки за инклузивна работна култура итн.)
- Креирање, дефинирање и имплементација на план за поддршка на вработени со попреченост;
- Други совети, менторство и обуки согласно потребите на работодавачите.



Обратете нѝ се за бесплатен примерок од нашиот практичен прирачник за вработување и раководење на лица со попреченост. Закажете состанок за да подготвиме посебна понуда по вашите потреби:


## Конект

ул. „Владимир Полежиновски"
бр. 19-1/6,

1000 Скопје

тел: +389(2) 3224 198

konekt@konekt.org.mk

www.konekt.org.mk

## Отворете ги прозорците

бул. „Партизански одреди"
бр. 62/2-29,

1000 Скопје

тел: +389(2) 30 68 630

contact@openthewindows.org

www.openthewindows.org